Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-496/15

22-12-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-496/1 од 20.9.2022 година поднесена од [redacted] од Радовиш, против ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.12.2022 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на ООУ „Крсте Петков Мисирков" - Радовиш врз [redacted]

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на јазик во областа на образованието сторено од страна на ООУ „Крсте Петков Мисирков" – Радовиш врз учениците чиј мајчин јазик е турскиот јазик во ООУ „Крсте Петков Мисирков" – Радовиш.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-496/1 од 20.9.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, од страна на ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш.

Во претставката подносителката истакнува дека била вработена како наставник по англиски јазик во ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш со неполн фонд од 8 часа неделно. Дополнително, наведува и дека во училиштето се изведува настава на мајчин турски јазик, кој воедно е и нејзин мајчин јазик. Притоа, во тоа основно училиште, вкупниот фонд на часови по англиски јазик за паралелките со турски јазик е 80 часови, односно потребни се околу 4 наставници за исполнување на тој фонд. Оттука, таа побарала да и се зголеми фондот на часови поднесувајќи претставка до Државниот просветен инспекторат. Поради таквата постапка на подносителката во оваа учебна година (2022/2023) директорката на училиштето распишала конкурс за наставник по турски јазик по кој не ја избира [redacted] Како резултат на таквата постапка директорката извршила дискриминација на учениците од турската заедница и нивните родители со тоа што не избрала соодветен наставник кој го познава јазикот на кој учениците ја следат наставата. Подносителката дополнително се повикува на повреда на Законот за основно образование каде се вели дека наставникот треба да го познава мајчиниот јазик на ученикот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.9.2022 година испрати Известување бр. 08-496/2 за произнесување по наводите од претставката до директорката на ООУ "Крсте Петков Мисирков" – Радовиш.

На ден 21.10.2022 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш како одговор на претставката.

Во одговорот, директорката на училиштето целосно ги отфрла наводите од претставката. Истата истакнува дека наставата во ова училиште се изведува и на македонски и на турски наставен јазик околу 40 години. Со вработената [redacted] училиштето имало склучено договор за вработување за наставник по англиски јазик со 8 наставни часови, на определено време до 31.8.2022 година. На распишаниот оглас за вработување на наставник со 8 наставни часови по англиски јазик за учебната 2022/2023 година биле пријавени двајца кандидати кои ги исполнувале условите:

- [redacted] со завршен филолошки факултет – англиски јазик и
- [redacted] дипломиран професор по англиски јазик при Меѓународниот Балкански Универзитет.

Во врска со законитоста на начинот и постапката за избор на наставник од горенаведениот конкурс, директорката истакнува дека биле извршени надзори од страна на надлежни инспекторати. Првиот надзор е остварен на 27.9.2022 од страна на Државен просветен инспекторат при што не се констатирани повреди на закон при работењето на училиштето, поради што инспекторот ја запрел постапката. Вториот надзор е извршен на 5.10.2022 година од страна на Државниот инспекторат за труд при што исто така е констатирано дека не се утврдени неправилности во изборот во однос на Законот за работни односи, а со тоа не се утврдени и никакви неправилности во работењето на директорката на ООУ "Крсте Петков Мисирков" – Радовиш. Во прилог на претставката како докази беа приложени записниците од гореспоменатите надзори, и тоа:

- Записник бр. 09-86 од ДПИ
- Записник ИП1 бр. 09-45 од ДИТ.

Веднаш по приемот на произнесувањето по наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Барања за достава на податоци до:

- Директорката на ООУ "Крсте Петков Мисирков" – Радовиш, [redacted] барајќи да достават потврда со која се докажува дека лицето наставник по англиски јазик во паралелките со настава на турски јазик го познава јазикот и писмото на соодветната заедница.
- Државен просветен инспекторат, барајќи да се достави појаснување дали констатацијата од извршениот инспекциски надзор од страна на [redacted] во училиштето е во согласност со член 10 став 2 од Законот за основно образование, кој гласи *„За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница."*
- Претседателот на Училишниот одбор на ООУ "Крсте Петков Мисирков" – Радовиш, со прашање дали избраната кандидатка- наставник по англиски јазик, го познава турскиот јазик и писмо.

Следно, на ден 17.11.2022 година согласно член 21 став 17 и член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од страна на членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Лимко Бејзароски беше извршен непосреден увид во просториите на ООУ "Крсте Петков Мисирков". Разговорот бил воден со директорката на училиштето [redacted] од која беа барани одговори на прашањето дали лицето [redacted] која била избрана на

огласот за наставник по англиски јазик го познава јазикот и писмото на соодветната заедница, односно турскиот јазик. На ова директорката одговорила дека не знае, а на самиот состанок бил повикан и наставник по турски јазик во истото училиште кој го дал истиот одговор. Понатаму била приложена копија од Сертификат на [redacted] дека има познавање на турскиот јазик на ниво А2.

Комисијата понатаму испрати Барање до Државен просветен инспекторат заведено под бр. 08 - 496/8 со кое се бараат информации за тоа на кој начин се одвива наставата по предметот англиски јазик на учениците во турска паралелка при ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш.

На ден 28.11.2022 година до Комисијата пристигна одговор од Државниот просветен инспекторат во кој наведуваат дека по поднесена претставка до страна на [redacted] веќе е извршен вонреден инспекциски надзор при што инспекторот не утврдил никакви неправилности.

Следно, на ден 15.12.2022 година согласно член 21 став 17 и член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од страна на членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Лимко Бејзароски беше извршен непосреден увид во просториите на Државниот пазарен инспекторат. На увидот бил приложен Записник бр. 09-92 од 6.12.2022 година за извршен нов инспекциски надзор во училиштето од страна на инспекторите [redacted] и [redacted]. Во записникот се наведува дека е извршен неправилен избор на кандидат за наставник по англиски јазик со што Училишниот одбор постапил спротивно на Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта. Имено, директорката на училиштето не извршила правилен избор на кандидатите преку пропуштање на формирање комисија за проверување на познавањето на македонскиот јазик и кирилското писмо и јазикот и писмото на кои наставникот ќе ја изведува наставата и не извршила дополнителна проверка за истото. Државниот просветен инспекторат донел Решение ИП1 бр. 09-92 со опомена за отстранување на констатираните неправилности од записникот, со кое го задолжил училиштето да ја поништи постапката и донесената одлука за вработување на наставник по англиски јазик.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршена **директна дискриминација** од страна на ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш.

Согласно **член 3 став 1 точка 4 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта**:

*„ Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата ".*

Следствено на горенаведеното, училиштето не формирало комисија за проверка на познавањето на македонскиот јазик и кирилското писмо и јазикот и писмото на кои наставникот ќе ја изведува наставата со што ја повредил горенаведената одредба на начин што избрал наставник по англиски јазик кој не го познава турскиот јазик. Со ова, училиштето и оневозможил пристап до работно место на подносителката на претставката на еднаква основа, со тоа што дал првенство на кандидатка која не ги исполнувала условите од огласот.

Преку таквиот начин на постапување на училиштето во процесот за вработување на наставник по англиски јазик, истото извршило дискриминација согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди директна дискриминација врз основа етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш врз [redacted].

Сето ова предизвикало повреда и на **член 10 став 2 од Законот за основно образование**, кој гласи:

*„За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница."*

Со повреда на горенаведената одредба од Законот за основно образование, училиштето сторило дискриминација кон учениците кои наставата ја следат на турски јазик, преку оневозможувањето да следат настава на својот мајчин јазик, што претставува уставно загарантирано право пропишано во **член 48 од Уставот на Република Северна Македонија**:

*„Припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон"*.

Оттука, извршена е и директна дискриминација врз основа на јазик во областа на образованието од страна на ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш врз учениците чиј мајчин јазик е турски јазик во ООУ „Крсте Петков Мисирков" – Радовиш.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш, **во рок од 30 дена** да објави нов оглас за вработување на наставник по англиски јазик и при одлучувањето за избор на пријавените кандидати да ги земе предвид **член 10 став 2** од **Законот за основно образование**, кој гласи „За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница." и **член 3 став 1 точка 4** од **Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта** кој гласи „ Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата".

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш да им овозможи на учениците да ја следат наставата на својот мајчин јазик, во случајот турски јазик а согласно уставно загарантирано право пропишано во **член 48 од Уставот на Република Северна Македонија** кој гласи „Припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон".

Откако училиштето ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш ќе го исполни препорачаното за истото да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку ООУ "Крсте Петков Мисирков" - Радовиш не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- ООУ "Крсте Петков Мисирков", бул. Александар Македонски бб, 2420 Радовиш